**УДК:929Старделов, Г.**

## IN MEMORIAM

# ЖИВОТ И ДЕЛО ПОСВЕТЕНИ НА ЕСТЕТИКАТА И КУЛТУРАТА
**академик Георги СТАРДЕЛОВ (28 август 1930 – 11 јануари 2021)**

Смртта е неумолив факт која молчешкум ни противречи и нè опоменува да занемеме, зашто зборовите никогаш не се достатни за да ја искажат нашата тага за оној што веќе со своето тело не е меѓу нас, но, смртта, едновремено, и нè предизвикува да зборуваме, зашто на почетокот на сè е зборот и зашто зборот е и на крајот – тој е онаа алфа и омега на севкупната наша култура и цивилизација. А токму на зборот и на мислата, на логосот од кој сè започнува и кон кој сè на крајот се сосредоточува, всушност, во целина беа посветени животот и дејноста на академик Георги Старделов, зашто тој како филозоф и естетичар, како филозоф на културата и литературен критичар, како врвен херменевтичар, токму во зборовите, во нивните значења и во нивната дејствителност ја наоѓаше смислата на својата неуморна научна и општествена дејност.

Како студент на академик Старделов кој беше ментор и на мојата магистерска и на докторската дисертација, но и како негов асистент по предметите Естетика и Филозофија на културата, како професор чија дејност и сега ја продолжувам во „Естетичката лабораторија" на Филозофскиот факултет, до неодамна и на истата работна маса на која и тој во минатото седеше и ги држеше своите вехементни предавања, имав прекрасна можност непосредно да учам од изворите на неговото непресушно знаење целосно поврзано со областите на естетика, на филозофијата на културата и на книжевната и уметничката критика. Нашите разговори за феномените на уметноста, а особено за литературата, беа постојани и продуктивни, и јас во нив осознав нови нешта дури до последните моменти од животот на мојот професор.

Но, во оваа тажна пригода, треба да се потсетиме и на неколку важни биобиблиографски податоци поврзани со живот и творештвото на академик Георги Старделов. Од нив, дури и кога тие само таксативно се наброени, јасно се гледа дека тој во целина се има вградено во македонската филозофија и естетика, поточно има станато составен и неодминлив дел од севкупната македонска култура и историја.

Академик Георги Старделов (Гевгелија, 28 август 1930 – Скопје, 11 јануари 2021) беше филозоф, естетичар, есеист, книжевен критичар, антологичар, теоретичар и историчар на културата. Дипломирал на Филозофскиот факултет, на Катедрата за филозофија на Универзитетот во Белград (1953) а со докторат по филозофија се здобива на Универзитетот во Скопје (1965). Престојува една година во 1970 година во Минхен, Западна Герма-

нија, како стипендијант на Alexander von Humbold-Stiftung. Професор е на Филозофскиот факултет во Скопје (1966 - 1995), и негов декан (1975 - 1977), прв декан на интердисциплинарните студии по новинарство (1977 - 1981), претседател на Филозофското друштво на Македонија и на Југославија, претседател на Друштвото на писателите на Македонија и претседател на македонскиот ПЕН центар. Почесен е член на Друштвото на уметници во Шпанската кралска академија и редовен член на Европската академија на науките и уметностите. Професор гостин е и на неколку југославенски, европски и американски универзитети. За дописен член на Македонската академија на науките и уметностите е избран во 1986, а за нејзин редовен член од 1991 година. Во периодот 2000 -2004 бил потпретседател, а 2008 - 2011 нејзин претседател. Раководител е на Лексикографскиот центар во МАНУ од неговото основање во 2000. Основач и раководител (од 1993 година) е на еден од најпознатите, сеопфатни и значајни хуманистички и интердисциплинарни макро проекти на МАНУ „Историја на културата на Македонија". Добитник е на неколку домашни и странски награди и признанија. Автор е на повеќе од 40 значајни книги од областа на естетиката, историјата на естетиката и есеистика. Автор на многу поетски и прозни антологии. Преведувал и уредил бројни капитални филозофски дела и автори. Ги има постигнато најзначајните резултати на полето на примена на филозофската херменевтика во анализата на книжевните и уметничките феномени. Во својата херменевтика Старделов секогаш тргнува од изворното дело и од изворното естетско искуство – тој златен клуч при толкувањето на феноменот на уметноста.

Негови најзначајни дела се: *Есеи,* 1958; *Модерното и модернизмот,* 1962; *Светови,* 1969; *Антеј бара почва,* 1971; *Доба на противречностите,* 1977; *Меѓу литературата и животот,* 1981; *Experimentum Macedonicum,* 1983; *Изморена авангарда,* 1985; *Вовед во иднината,* 1986; *Искуства,* 1987; *Портрети и профили,* 1987; *Одземање на силата,* 1990; *Summa Aestheticae,* 1991; *Антеј ја допира земјата,* 1993; *Десет,* 1994; *Керубиновото племе,* 1995; *Величанија,* 1997; *Небиднината,* 2000; Искушенијата на естетичкиот ум – XX век, 2003; *Балканска естетика: една друга естетика,* 2004; *Angelus Novus,* 2004; *Ноќен градинар,* 2006; *Небесен клучар,* 2008; *Слушате ли, Каинавелијци?* 2010; *Слова. Ефемериди,* 2011; *Summa aestheticae I–III,* 2015; *Епоха Блаже Конески,* 2018; *Критика на деморализираниот ум,* 2018; *Раѓање на трагедијата,* 2020; *Македонско поетско созвездие,* 2020.

Во сите овие текстови и студии на Старделов како клучна нишка се провлекува мислата за неговата целосна посветеност, до последниот момент од својот живот, на работата врз своите ракописи, работата врз толкувањето на литературата, особено на македонската, работата врз своите естетички студии за уметноста и за нејзиното непосредно доживување и важност за суштината на човекот.

Исто така, не може а да не се истакне фактот дека Старделов како филозоф е длабоко упатен и навлезен во германската филозофска и есте-

тичка традиција, зашто тој повеќепати престојува во Германија а во седумдесеттите години од минатиот век, како што веќе беше спомнато, станува и стипендист на „Александер фон Хумболт фондацијата“ (Alexander von Humboldt - Stieftung) кон која се приклучени огромен број научници од областа на природните и на хуманистичките науки од целиот свет со над педесет добитници на Нобеловата наградата. Веројатно и поради оваа јазична, филозофска и културна поврзаност на Старделов со германската филозофија и култура, тој природно, се вдлабочува и во херменевтиката која, иако како учење произлегува од Библиската егзегеза, своја најсилна примена наоѓа во рамките на германскиот романтизам, а преку Вилхелм Дилтај (1833 - 1911) и Ханс-Георг Гадамер (1900 - 2002) и во контекст на германската филозофија од крајот на XIX и првата половина на XX век. За оваа поврзаност на Старделов со херменевтиката непосредно говори и едно негово сеќавање за средбата со грандиозната фигура на филозофијата на XX век Мартин Хајдегер, кој влијае и врз веќе спомнатиот Ханс- Георг Гадамер, асистентот на Хајдегер, кој е, исто така, како херменевтичар, еден од најзначајните филозофи на нашето време.

Влијанието на херменевтичките идеи на Гадамер врз Старделов е несомнено, но тој нив и ги продлабочува, особено кога станува збор за примената на херменевтичкиот метод и пристап во анализата на поетското творештво. Затоа со сигурност може да се каже дека Старделов користејќи го херменевтичкиот пристап остварува врвни достигнувања при анализата на поетското творештво на првата и на втората повоена генерација на македонски поети, особено кога станува збор за севкупното поетско творештво на Блаже Конески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Матеја Матевски и Анте Поповски, за чиишто поетски дела Старделов пишува и обемни монографии. На тој начин, високо вреднувајќи го нивното творештво, тој, всушност, застанува во одбрана и на македонскиот јазик и на македонската книжевност и култура.

Научната, културната и образовната мисија на академик Георги Старделов своите темели ги засновуваше врз сопственото огромно знаење и желбата тоа знаење просветителски да им се пренесува и на упатените и на помалку упатените, а се со цел да не се заборава на минатото и да се има свест дека ништо не почнува од нас и дека ништо со нас не завршува. Во таа насока Старделов го создаде и своето тритомно фасцинантно дело „Summa Aestheticae“ посветено на јужнословенската, на балканската и на европската естетика. Во таа насока беше и неговата работа врз капиталниот макропроект на МАНУ „Историја на културата на Македонија“, проект што започна да се реализира уште во минатиот век (1993) а чии 28 објавени томови претставуваат вовед во новата фаза од проектот кој ќе треба во годините што следуваат да го доживее своето заокружување, за жал, сега без неговиот spiritus movens, академик Георги Старделов.

Всушност, делото на академик Георги Старделов не само што ја следи и вреднува, туку и непосредно учествува во развојот на македонската

култура и тоа најмногу на планот на нејзиното филозофско промислување во ова „доба на противречности“, во кое сите ние живееме. Од друга страна, огромната љубов кон литературата нужно ја оформува и точката на пресекот меѓу литературата и филозофијата. Тоа место каде што академик Георги Старделов најнепосредно го остварува допирот и преклопувањето, секако, е естетиката или филозофијата на уметноста – филозофската дисциплина на која Георги Старделов целосно ѝ го посвети својот живот и своето дело.

Старделов беше човек со огромни познавања на светската и на македонската култура и книжевност. Тој беше човек што сите овие знаења умееше да ги преточи во прекрасни предавања, беседи, текстови и монографски студии. Со неговата смрт неговото семејство, но и сите ние, загубивме една цела, огромна и важна стожерна библиотека што се движи, филозофијата и естетиката кај нас го загубија својот најзначаен претставник, а, пак, македонската култура го загуби човекот што целосно ѝ се посвети – толкувајќи ја и бранејќи ја, и со својата дејност и со своето дело.

Иван Џепароски